# „Најдобриот ден во кој изгреало Сонцето е петокот

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Најдобриот ден во кој изгреало Сонцето е петокот. На тој ден е создаден Адем, на тој ден бил внесен во Џенетот и на тој ден бил изведен од него. Исто така, и Судниот ден ќе настапи во петок.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известува дека најдобриот ден во кој изгреало Сонцето е петокот. Меѓу неговите посебни одлики се тоа што Аллах го создал Адем, алејхи селам, токму на тој ден, на тој ден влегол во Џенетот, и на тој ден бил изведен од него и бил спуштен на Земјата. Исто така, Судниот ден ќе настапи во петок.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee